# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XI БРОЈ 49 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 МАРТ 2022 ГОДИНА


БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

Во овој број


**Страница 2**

ЕДИНАЕСЕТТА ГОДИШНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН"

NJËMBËDHJETË VJET NGA BOTIMI I NUMRIT TË PARË TË GAZETËS MAQEDONASE "ILINDEN"

**Страница 3**

150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОДЕЛИ НАГРАДИ "ИЛИНДЕН" И БЛАГОДАРНИЦИ "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ТРИНАЕСЕТГОДИШНИНАТА

**Страница 4**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА И ОГРАНОКОТ ЗА ГОЛО БРДО ПОВТОРНО ГО АКТУЕЛИЗИРА БАРАЊЕТО ЗА 24-ЧАСОВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕМИНОТ ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОДЕЛИ НАГРАДИ "ИЛИНДЕН" И БЛАГОДАРНИЦИ "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ТРИНАЕСЕТГОДИШНИНАТА

**Страница 5**

МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ТИРАНА ДАНЧО МАРКОВСКИ ВО ПОСЕТА НА АЛБАНСКОТО СОБРАНИЕ

МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ТИРАНА, ДАНЧО МАРКОВСКИ СЕ СРЕТНА СО КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА РОБЕРТ ГАЈДА

РЕАКЦИЈА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НА ОБИДОТ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО

**Страница 6**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА НАМЕРИТЕ НА БУГАРИЈА ЗА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 7**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ОГРАНОК ГОЛО БРДО, ФАТРИ ФЕТАХУ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ

КРИСТИНА ТЕРПО, МАКЕДОНКА ОД МАЛА ПРЕСПА ПРОГЛАСЕНА ЗА НАЈДОБРО ДИПЛОМИРАНА СТУДЕНТКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Страница 8**

КООРДИНАТОР НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ТИРАНА ЗА РЕГИОНОТ ЕЛБАСАН, ЕЛСА ЦЕЛИЛИ УЧЕСТУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА СО ТЕМА „КУЛТОТ НА СВ. ЈОВАН ВЛАДИМИР ОД ДУКЛА КАКО СИМБОЛ НА МИРОТ МЕЃУ НАРОДИТЕ НА БАЛКАНОТ"

ПРЕСТАВНИЦИ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НА СВЕЧЕНО ОТВОРЕЊЕ НА "ТИРАНА – ЕВРОПСКА МЛАДИНСКА ПРЕСТОЛНИНА" ЗА 2022

**Страница 9**

СЕЌАВАЊЕ: СЕДУМ ГОДИНИ ОД СМРТТА НА НАЗИФ ДОКЛЕ 1945-2014

ВО ЧЕСТ НА МАКЕДОНКАТА ЗАГОРКА ШУКЕ (Р. КАНЕФЧЕ) (14 ЈУЛИ 1914, ОХРИД – 17 ЈАНУАРИ 2000, ПОГРАДЕЦ)

**Страница 10**

ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ ЗА МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН": ФАТРИ ФЕТАХУ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ОГРАНОК ГОЛО БРДО


# ЕДИНАЕСЕТ ГОДИНИ МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН"




# NJËMBËDHJETË VJET GAZETA MAQEDONASE "ILINDEN"

## ЕДИНАЕСЕТТА ГОДИШНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН"

Пред точно единаецет години, на 1. март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник "Илинден" како гласило на македонското друштво „Илинден"- Тирана. Изминативе десет години, весникот предизвика голем интерес кај македонската читателска публика во Република Албанија, во татковината Македонија како и меѓу македонската дијаспора во светот. Според бројните дописи кои пристигнуваат на електронската адреса на редакцијата од "Илинден" како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во десетгодишниот период весникот прерасна во сериозен медиум од чии вести и теми се напојуваат сè поголем и поголем број на корисници од македонското национално малцинство во Република Албанија. Македонскиот весник "Илинден" досега има испечатено 49 изданија, а почнувајќи од март 2017 година, покрај печатената верзија весникот може да се следи и преку своето интернет-издание: **www.vesnik-ilinden.com.** На тој начин нашиот весник стана достапен за целокупната јавност: за сите Македонци во Албанија, регионот и цел свет. Истата година, од септември 2017 македонскиот весник "Илинден"е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и дел од двата најголеми читачи на вести и клиентска датотека во Македонија: grid.mk и daily.mk Мисијата на нашиот весник и понатаму останува да го поттикнува и одржува во континуитет македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија. И понатаму остануваме со вербата дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Република Албанија и на Република Македонија, како и од Македонците ширум светот. Редакцијата на "Илинден" ја користи оваа прилика да им се заблагодари на сите свои соработници, кои несебично помогнаа во конципирање на тематската и визуелната содржина на весникот. Од тогаш до денес, весникот "Илинден" дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија, и континуирано работи на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија. Воедно, Редакцијата се заблагодарува и на верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги нуди весникот покажа дека тој навистина ја допре сржта на проблемите на Македонците во Република Албанија и го приближи македонскиот литературен јазик за нивна комуникација, изразување и творење.
Да нѝ се множат јубилеите.

**Со почит,**
**Никола Ѓурѓај**
**Главен и одговорен уредник на македонскиот весник "Илинден"**

## NJËMBËDHJETË VJET NGA BOTIMI I NUMRIT TË PARË TË GAZETËS MAQEDONASE "ILINDEN"

Njëmbëdhjetë vjet më parë, më 1 mars 2011 doli numri i parë i gazetës maqedonase "Ilinden" u botua si një numër i dyfishtë (mars / prill). Gazeta maqedonase "Ilinden" është gazetë e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë. Për dhjetë, gazeta ka ngjallur interes të madh tek lexuesit maqedonas në Republikën e Shqipërisë, në atdheun Maqedoni, njëkohsisht dhe në diasporën maqedonase në botë. Sipas letrave të shumta që arrijnë në adresën e postës elektronike të redaksisë si dhe komunikimit përmes profileve të gazetës në rrjetet sociale me lexuesit, vërejmë se në periudhën dhjetë vjeçare gazeta është rritur në një gazetë serioze, lajmet dhe temat e të cilit gjithnjë e më shumë vinë tek pakica kombëtare maqedonase në Republikën e Shqipërisë. Gazeta maqedonase "Ilinden" deri më tani ka shtypur 49 numra dhe duke filluar nga marsi 2017, përveç versionit të shtypur, gazeta mund të ndiqet dhe përmes faqes së internet, www.vesnik-ilinden.com Në atë mënyrë, gazeta jonë u bë e disponueshme për publikun e gjerë, për të gjithë maqedonasit në Shqipëri, rajon dhe të gjithë botën. Nga shtatori 2017 gazeta maqedonase "Ilinden" u standardizua sipas normave ndërkombëtare për revistat e shtypura dhe elektronike me numër ISSN 2522-6282 (në internet) dhe ISSN 2522-4514 (shtypur). Gazeta maqedonase "Ilinden" është dhe pjesë e dy platformave më të mëdha për lajme në Maqedoni www.grid.mk dhe www.daily.mk Misioni i gazetës sonë mbetet të inkurajojë dhe promvojë gjuhën dhe identitetin maqedonas në Republikën e Shqipërisë. Ne mbetemi të sigurt se veprimtaritë tona do të mbështeten në mënyrë adekuate nga institucionet shtetërore të Republikës së Shqipërisë dhe Republikës së Maqedonisë, si dhe nga maqedonasit në të gjithë botën. Redaksia e gazetës maqedonase "Ilinden" shprehë mirënjohje për të gjithë bashkëpunëtorët e saj, të cilët ndihmuan në konceptimin e përmbajtjes tematike dhe vizive të gazetës. Gazeta maqedonase "Ilinden" jep një kontribut të madh për ngritjen e çështjeve me interes për maqedonasit në Republikën e Shqipërisë, dhe vazhdimisht punon për mbrojtjen dhe afirmimin e identitetit etnik, gjuhësor, kulturor dhe traditave kombëtare të Maqedonasve në Republikë e Shqipërisë. Në të njëjtën kohë, redaksia shprehë mirënjohje për lexuesit besnikë për interesin e treguar për përmbajtjen e ofruar nga gazeta.

**Me respekt**
**Nikolla Gjurgjaj**
**Kryredaktor i gazetës maqedonase "Ilinden"**

## 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Големиот македонски револуционер Гоце Делчев е роден на 4 февруари 1872 во Кукуш, Егејска Македонија во семејството на Султана и Никола. Низ годините, станал идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно национално ослободително движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Бил рожба на една епоха во која се изразувал стремежот на македонскиот народ за ослободување од отоманското ропство. Загинал на 4 мај 1903 година во селото Баница, Серско во нерамна битка со османлиската војска. По негова волја, посмртните останки на Гоце Делчев на 7 октомври 1946 година се пренесени во Скопје, татковина Македонија во црквата "Свети Спас" каде и денес се наоѓаат.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОДЕЛИ НАГРАДИ "ИЛИНДЕН" И БЛАГОДАРНИЦИ "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ТРИНАЕСЕТГОДИШНИНАТА



Македонско друштво "Илинден"- Тирана ги додели годинешните награди "Илинден" и благодарници "Илинден" по повод тринаесетгодишнината од неговото основањето и плодната работа. Управните органи и претседателот, г-дин Никола Ѓурѓај, на Македонско друштво "Илинден"- Тирана, донесоа Одлука за доделување на благодарници "Илинден" и награди "Илинден". Благодарниците и наградите се доделуваат на лица за нивните особени заслуги, ангажман и перманентни активноси во насока на зачувување и одржување на македонскиот идентитет на припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија. Така и оваа година беа предложени повеќе лица за добивање на благодарница "Илинден" и награда "Илинден". Од предложените беа избрани лица, кои со својот ангажман придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Албанија. Благодарницата и наградата "Илинден" ги доделува и врачува лично претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана.

**Оваа година награда "Илинден" му се доделува на:**

1. Македонско меѓународно движење за човекови права (ММДЧП) – Канада
2. Проф. д-р Данчо Марковски – Амбасадор на Репубика Македонија во Тирана, Република Албанија
3. Г-дин Халит Хабип Оглу – Потпреседател на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) и Претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа – Витен, Германија

**Оваа година благодарница "Илинден" се доделува на:**

1. Проф. д-р Кимет Фетаху – Претседател на Македонско политичко друштво "Мир", еден од првите активисти на Македонците во Република Албанија со потекло од областа на Голо Брдо;
2. Проф. д-р Вита Која – Професор на Економскиот факултет во Тирана, автор на осум томови посветени на народното творештво од областа Голо Брдо и активистка на Македонско политичко друшвото "Мир";
3. Г-дин Александар Стојановски – Скопје, Репубика Македонија;
4. Г-дин Антонио Јанески – Скопје, Репубика Македонија.

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"- Тирана г-дин Никола Ѓурѓај им ги честита наградите и благодарниците на добитниците за 2022 година со надеж дека истите ќе послужат како поттик за натамошен ангажнман на наградените во нивната досегашна определба да работат во интерес на вистината за животот и ангажманите на Македонците во Република Албанија.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“- ТИРАНА И ОГРАНОКОТ ЗА ГОЛО БРДО ПОВТОРНО ГО АКТУЕЛИЗИРА БАРАЊЕТО ЗА 24-ЧАСОВНО ФУНКЦИОНРАЊЕ НА ПРЕМИНОТ ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО




Македонското друштво “Илинден“- Тирана и огранокот за Голо Брдо, на чија територија се наоѓа граничниот премин Џепиште – Требиште, на македонско – албанската граница кај Дебар, повторно го актуелизира прашањето за негово 24 часовно функционирање. Друштвото, пренесувајќи ги барањата на Македонците од оваа област, бара од албанската Влада под итно да се ангажира околу ова прашање, зашто „повеќе од неопходно е овој премин, кој е отворен во мај 2013 година, да функционира непречено“. Во соопштенoето потпишано од претседателот на Друштвото, Никола Ѓурѓај и на огранокот, Фатри Фетаху, се потсетува дека Владите на двете земји на заедничката седница одржана во Поградец на 15 декември 2017 година донесоа одлука овој премин, кој е на десеттина километри оддалеченост од Дебар, да работи 24 часа. Доколку овој граничен премин работи 24 часа тоа ќе биде од голема полза за жителите на Голо Брдо, но тој сега работи со ограничено време и создава проблеми во комуникацијата и патувањето за Македонија. За нив поблиску е да патуваат до Дебар, отколку до најблискиот албански град Пешкопеја. Повторуваме дека итно бараме да се реши овој голем проблем за Македонците во областа Голо Брдо, зашто во зимскиот период, кога има обилни снежни врнежи, областа со денови останува завеана и единствен најблизок излез е токму овој премин, па тешко болните се носат во болницата во Дебар, стои во соопштението. Се додава дека освен тоа, доколку преминот функционра непречено, ќе им се помогне на Македонците од областа Голо Брдо, бидејќи ќе се зголеми економската соработка меѓу жителите од двете страни на границата, а и поголем број туристи ќе ја посетуваат областа Голо Брдо, која располага со многу природни убавини и културно историски споменици. Граничниот премин за локален граничен сообраќај Џепиште – Требиште работи од 8:00 до 20:00 часот во летниот период и од 8:00 до 18:00 часот во зимскиот период. Преминот е наменет за жителите во пограничните зони на двете држави, а од 2014 година по изградбата на асфалтен пат и од албанска страна, може да се патува и со моторни возила.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА И МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ОГРАНОК ГОЛО БРДО БАРА ДА СЕ ФОРМИРААТ ОПШТИНИ ГОЛО БРДО И ГОРА




После осум години од реформата на територијалната организација на локалната самоуправа, областите Голо Брдо и Гора каде што живеат Македонци, останаа неразвиени, а услугите од државната администрација и локалната самоуправа се многу отежнати. Во 2014 година Владата бројот на општините од 385 го намали на 61, иако опозицијата тогаш бараше нивниот број да изнесува најмалку 80! Во 2014 година Владата ги укина и општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо, за првите две да ги приклучи кон општина Булќиза, како и општините Шиштевац и Запот во областа Гора кои сега се приклучени кон општина Кукс. Единствена македонска општина во Албанија остана општина Пустец во областа Мала Преспа. И покрај барањата на македонската заедница во 2014 година, Владата не ги зеде предвид нивните барања за формирање на општини Голо Брдо и Гора! Македонците во областите Голо Брдо и Гора, укинувањето на македонските општини го сметаат за чекор назад во почитувањето на малцинските права во Албанија. Македонското друштво “Илинден”-Тирана и Македонското друштво “Илинден”-огранок Голо Брдо повторно го актуелизираат барањето од пред 2014 година, Владата да предложи измена и дополнување на Законот за општините со формирање на две општини: општина Голо Брдо и општина Гора. Македонското друштво “Илинден”-Тирана и Македонското друштво “Илинден”-Огранок Голо Брдо сметаат дека градоначалниците не треба да бидат именувани од Владата туку избрани на избори од граѓаните, заради нивната доверба во системот и непосредно решавање на локалните комунални проблеми. – стои во соопштението потпишана од претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај и претседателот на огранокот за Голо Брдо Фатри Фетаху.

## МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ТИРАНА ДАНЧО МАРКОВСКИ ВО ПОСЕТА НА АЛБАНСКОТО СОБРАНИЕ



Македонскиот амбасадор во Тирана Данчо Марковски денеска беше во посета на албанскиот законодавен дом, каде оствари средби со првите луѓе на две парламентарни комисии. Имено, тој оствари одвоени средби со претседателката на комисијата за европски интеграции, Јорида Табаку и претседателката на комисијата за надворешни работи, Мими Кодели. Разговорите беа искористени за меѓусебно информирање околу новиот пристап и воспоставениот позитивен дијалог меѓу Владите на Македонија и



Бугарија во насока на воспоставување меѓусебна доверба, со цел откочување на евроинтегративните процеси, информираа од Амбасадата. Додаваат дека заедничка констатација била дека Македонија и Албанија остануваат посветени на членството во ЕУ, како најважен надворешно политички приоритет. Средбите биле искористени и за конкретизирање на планот за работни посети на парламентарните комисии на двете земји.

## МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ТИРАНА, ДАНЧО МАРКОВСКИ СЕ СРЕТНА СО КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА РОБЕРТ ГАЈДА

Македонскиот амбасадор во Тирана, Данчо Марковски оствари работна средба со Комесарот за заштита од дискриминација Роберт Гајда во просторите на Комесарот за заштита од дискриминација. Комесарот Гајда го информираше македонскиот амбасадорот Марковски за активностите на Комесарот за заштита од дискриминација за заштита на човековите права и борбата против дискриминацијата, особено со фокус на националните малцинството во Албанија.



## РЕАКЦИЈА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА НА ОБИДОТ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО

Деновите пред новогодишните празници од страна на бугарските пропагандисти во Република Албанија, беа искористени за нов обид за барање на Бугари во селата во Голо Брдо. Имено, конзулот на бугарската Амбасада во Република Албанија делел новогодишни пакетчиња на учениците од школото “Елез Кочи“ во Мало Острени и на учениците во школото “10 покојници” во Требиште, област Голо Брдо. На ваквите активности од страна на Македонците во Голо Брдо е остро реагирано, а бројни реакции пристигнаа и до Македонско друштво “Илинден“- Тирана. Во нив се вели дека подла и необјаснива е акцијата на Бугарската амбасада во Тирана, која делењето на новогодишни пакети на учениците од школото “Елез Кочи“ во Мало Острени и на учениците во школото “10 покојници” во Требиште, во областа Голо Брдо претставува уште еден акт за пропагандни цели од страна на претставниците на бугарската амбасада. Според реакциите на жителите на селата Острени и Требиште, со ваквата активност насочена директно кон учениците на училишта во селата во Голо Брдо, се скрнави и историската вистина дека во мугрите на 4 март 1916 година, томку бугарските сили за време на бугарската окупација на Голо Брдо, ги заробиле Елез Кочи и Ќазим Дука од селото Големо Острени и после брутално мачеше живи ги закопале во близина на реката во село Верница, Голо Брдо. Кога се има предвид дека едно од училиштата каде Бугарската амбасада ги делела пакетчињата на Македончињата го носи името на Елез Кочи, крвнички убиен од бугарските крвници, јасна е пораката дека Бугарите сакаат да им порачаат на младите генерации

Македонци од Голо Брдо дека тие треба да си ја заборават историјата и жртвите од бугарските ѕверства. Ваквата постапка на Бугарската амбасада, според Македонците во Голо Брдо, е недозволива и не смее да се повтори.
Македонско друштво “Илинден“- Тирана и весникот “Илинден“, како репрезенти на Македонците од Албанија се солидаризираат со бројните реакции на македонското население во Голо Брдо. Воедно, сметаме за потребно на светската јавност да ѝ ја пренесеме пораката на Македонците од Голо Брдо во која јасно се отсликува македонското чувство на Македонците од Голо Брдо, од кои беше побарано да признае дека е бугарско. Македонците во Република Албанија говорат дека отсекогаш биле Македонци и никогаш нема да бидат Бугари! Меѓутоа, ниту теа јасно декларирање на Македонците во Албанија, не ја запре крајно подлата намера на Бугарската амбасада да ја замајува светската јавност дек Македонците се Бугари, а со ефтина пропагандистичка акција да се обидува на македонските деца со новогодишни пакетчиња да се обиде да им ја избрише меморијата за крвничките Бугари кои ги убивале патриотите како Елез Кочи и Ќазим Дука.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“- ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА НАМЕРИТЕ НА БУГАРИЈА ЗА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИ ВО АЛБАНИЈА




Од името на Македонците во Албанија и на членовите на Македонското друштво “Илинден“- Тирана, го изразуваме неверувањето во измамите изнесени во соопштението на Бугарската амбасада која денес, на 6. 01. 2022 година објави недолична лага и една од многуте провокации. Со неколку фотографии и текст во кој ништо точно не пишува, објавена е најдрската досега бугарска измама. Имено, во денешното соопштение објавено на интернет страната на Бугарската амбасада се тврди, дека децата од областа Корча го прославиле „Божик на бугарски“ и дека Амбасадата на сите деца од градинка до 12 одделение во општина Пустец им поделија божикни и новогодишни подароци.
На ваквата изјава реагираат жителите од посочените области, како и единствената македонска политичка партија во Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ). Во своето соопштение МАЕИ најостро ги осуди најновите провокации и лаги на Бугарската амбасада во Тирана и ја информира целата јавност дека денеска во општина Пустец немаше никакво празнување на „Божик на бугарски“. Во продолжение пренесуваме дел од рекцијата на МАЕИ на бугарските лаги во врска со денешниот ден.
„Денес Македонците во Пустец и во другите делови на Албанија го празнуваат на традиционален македонски начин Бадник, а утре и Божик, со обичаи наследени со векови од нашите претци Македонци. Како што информираа и од заедничкото основно и средно училиште „Митре Колефски и Трајан Ѓорѓиофски” во Пустец денеска никој не донирал пакетчиња за децата и дека единствено на 23 декември 2021 година новогодишни пакетчиња додели општина Пустец и на децата и на наставниот кадар во училиштата им е соопштено дека овие подароци ги доделува општина Пустец. Бугарската амбасада во Тирана во соопштението не го споменува името на заедничкото основно и средно училиште “Митре Колефски и Трајан Ѓорѓиофски” во Пустец затоа што знае дека херојот Трајан Ѓорѓиофски од Пустец, по кого денес го носи името училиште во Пустец, во 1942 година се приклучува на македонските партизани и загинува во 1944 година за слободата на Македонија во борба против бугарскиот фашистички окупатор на Македонија. Во училиштата во општина Пустец, 77 години непрекинато се изучува мајчиниот Македонски јазик! Во врска со соопштението на бугарската амбасада дека и во областа на Гора, општина Кукс, бугарската амбасада обезбеди и додели новогодиши подароци за сите деца и дека децата го празнуваа „Божик на бугарски“ го сметаме за неумесна провокација. Во девет села во областа Гора живеат Македонци со исламска вероисповед. И на последниот попис во 2011 година во областа Гора се изјаснати за Македонци, ниту еден не е изјаснат за Бугарин. Така да доделување на пакетчиња за децата во училиштата во Гора и измислување дека го слават „Божик на бугарски“ е само уште една примитивна перверзија и играње со верските чувства на Македонците со исламска вероисповед. Впрочем, ова не е ништо ново кога се работи за Бугарија.
Познати се обидите на Бугарија во времето на Тодор Живков за асимилација на бугарските граѓани со исламска вероисповед со присилно преиминување на муслиманските имиња. Македонците во областите Гора и Голо Брдо очекуваат официјално извинување од страна на Бугарија за злосторствата извршени за време на окупацијата на областите Гора и Голо Брдо од страна на Бугарија во Првата светска војна, злосторства кои се врежани во меморијата на Македонците. Ги осудуваме овие примитивни бугарски трикови од страна на Бугарија, која на секој начин сака да ја искористи сиромаштијата во областите каде живеат Македонците во Албанија, во намерата да ги прикажат како бугарска заедница. Во областите Преспа, Голо Брдо, Гора, Полето и Врбник, каде што Бугарија „бара“ бугарско малцинство,

има самоопределени и самоидентификувани Македонци кои го имаат истиот фолклор, традиција и јазик како и Македонскиот народ во целина, во сите држави на Балканот, живеат во компактни области на границата со Македонија и имаат територијален континуитет со државата Македонија, немаат никаква врска со Бугарија! Во пресрет на престојниот попис на населението кое треба да се спроведе во октомври 2022 година, очекуваме да се засилат напорите на бугарските власти за асимилација на Македонската заедница во Албанија. Апелираме до Албанската Влада и надлежните министерства и органи, но и до меѓународната заедница во Албанија, да реагираат на овие активности на бугарската амбасада и на официјална Софија, заради прекршување на принципите на Виенската конвенција за дипломатските односи и грубо мешање во внатрешните работи на Република Албанија. Обврска е на институциите на власта, да ги заштитат своите сограѓани Македонците, од бугарската агресија, која со политики и практики против добрососедството, врши грубо мешање во внатрешните работи на Република Албанија!“

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”- ОГРАНОК ГОЛО БРДО, ФАТРИ ФЕТАХУ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ



Претседателот на Македонско друштво “Илинден“- Огранок Голо Брдо, Фатри Фетаху во македонската Амбасада во Тирана оствари работна средба со амбасадорот Данчо Марковски. На средбата Фетаху го информирал амбасадорот за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија. На средбата го информирав амбасадорот за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија. При тоа го актуелизирав прашањето за граничниот премин Требиште – Ѕепиште, што нашата област ја поврзва со татковината Македонија, а го запознав и со други проблеми со кои се соочува македонско национално малцинство во областа Голо Брдо. Секако амбасадорот беше информиран и за активностите на огранокот и друштвото во цели, изјави Фетаху за Македонски весник “Илинден”.

Додава дека Марковски покажал исклучителен интерес за положбата на Македонците во областа Голо Брдо. Многу отворено разговаравме за можни активности за надминување на проблемите на Македонците во областа Голо Брдо. Секако, во опсегот на неговите надлежности, амбасадорот, Марковски искажа подготвеност да помогне за подобрување на малцинските права на Македонците, посочува тој. Фетаху му се заблагодарил на амбасадорот, за како што оценува, непосредната и срдечна средба.

## КРИСТИНА ТЕРПО, МАКЕДОНКА ОД МАЛА ПРЕСПА ПРОГЛАСЕНА ЗА НАЈДОБРО ДИПЛОМИРАНА СТУДЕНТКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ



Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги награди најдобрите студенти за учебната 2019/2020 година. Меѓу наградените студенти е и Кристина Терпо, која со потекло е од село Горна Горица, општина Пустец и е прогласена за најдобро дипломирана студентка на Стоматолошкиот факултет за учебната 2019/2020 година. Кристина Терпо студираше на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје на Стоматолошкиот факултет како стипендист на Владата на Република Македонија. Кристина Терпо основно училиште заврши во основното училиште “Отпорот на Горичени” во Долна Горица, општина Пустец, додека средно образование заврши во средното училиштето “Трајан Ѓорѓиевски и Митре Колефски” во Пустец. Македонски весник “Илинден” му честита на Кристина за постигнатиот успех со кој ги направи горди сите Македонци во Република Албанија и му посакуваме уште многу успеси на приватно и професионално поле.

## КООРДИНАТОР НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“- ТИРАНА ЗА РЕГИОНОТ ЕЛБАСАН, ЕЛСА ЦЕЛИЛИ УЧЕСТУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА СО ТЕМА „КУЛТОТ НА СВ. ЈОВАН ВЛАДИМИР ОД ДУКЛА КАКО СИМБОЛ НА МИРОТ МЕЃУ НАРОДИТЕ НА БАЛКАНОТ“



Црногорската заедница во Албанија денеска одржа тркалезна маса со тема „Култот на Свети Јован Владимир од Дукла како симбол на мирот, братството и толеранцијата меѓу народите на Балканот“ што се одржа во рамките на подготвителната фаза на проектот „Одбележување на денот на Св. Владимир од Дукла“ која ќе биде финализирана на 3-4 јуни 2022 година во соработка со Матица Црногорска и со финансиска поддршка на Дирекцијата за соработка со црногорската дијаспора и иселеници. На оваа тркалезна маса со свој претсавник беше присутно и Македонското друштво “Илинден“- Тирана. Тоа беше претставено од г-ѓа Елса Целили, координатор за регионот Елбасан, преку која се запознавме со целите на проектот и неговото значење. Секоја година на 3 – 4 јуни православните верници од Албанија, Македонија, и Македонци од Албанија се собираат за да ја прослават оваа прослава во манастирот со името на светецот Свети Јован Бладимир. Светиот великомаченик Јован Владимир, зетот на царот Самоил за ќерка му Косара се здобил со силен култ во западна Македонија. На иконите и фреските во нашите цркви е насликан како главата си ја држи во рацете. Во традицијата на југозападниот регион на Македонија во минатото бил развиен култот кон Светиот великомаченик кнезот Јован Владимир. Тој бил кнез на областите Зета и Далмација, во еден период влегол во судир со царот Самуил при што бил заробен. Додека бил во затвор во него се вљубила ќерката на Самуил Теодора Косара по што тој бил оженет со неа и вратен на престолот. Но подоцна, починал царот Самуил на 6 октомври 1014 година, а царскиот престол го наследил син му Гаврил Радомир. Св. Јован Владимир бил убиен на 22. мај 1016 година во Преспа и погребан бил во манастирот пред кој загинал. Брзо се расчуло дека молитвите пред неговиот гроб можат да исцелуваат многу болести и тој култ бил толку распространет што набргу потоа бил признат за светец и маченик и прогласен за светец од Православната црква. Постојат многу легенди и култни приказни поврзани со неговото име. Неговите мошти денес се чуваат во манастирот на Сввети Јован Владимир во Елбасан, во православната Соборна црква во Тирана, на Света Гора и во црквата Сввети Никола Болнички во Охрид. Албанската православна автокефална црква Сввети Јован Владимир го празнува на 4. јуни секоја година и православните верници од Албанија, Македонија и целиот регион се собираат на прослава во манастирот каде го чествуваат името на светецот.

## ПРЕСТАВНИЦИ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА НА СВЕЧЕНО ОТВОРЕЊЕ НА “ТИРАНА – ЕВРОПСКА МЛАДИНСКА ПРЕСТОЛНИНА“ ЗА 2022



Општина Тирана официјално ги отвори активностите за “Тирана – европска младинска престолнина“ за 2022, на специјална церемонија со стотина млади кои ќе бидат дел од настаните на „Тирана европска младинска престолнина 2022“ беше претставена програмата и иновациите, присутни беа градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај и евроамбасадорот Луиџи Сорека. Извршната директорка на Националниот младински конгрес, Дафина Пеци, на отворањето на овој настан истакна дека има многу апликации од младите за активности во текот на оваа година. „Добивме 1100 апликации од млади луѓе од целата држава. „Секој од вас има можност да го промени светот. Со оваа порака градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај, им се обрати на младите присутни во Палатата на конгресите на свеченото отворање на активностите на Европската младинска престолнина Тирана, присутни беа и делегаци од Македонија, Англија, Италија, Франција, Косово, Црна Гора, Грција. Македонско друштво ”Илинден”-Тирана учествуваше на свечено отворење на “Тирана – европска младинска престолнина“ за 2022 година со Спасе Бога и Торпа Бога. Во рамките на проектот “Европска младинска престолнина“ (European Youth Capital – EYC 2022) и титула со која Тирана се здоби за 2022 година, Националниот младински конгрес од Албанија во соработка со градската власт на Тирана ја промовираше веб-страницата и програмата за наредната година со широк спектар на можности за младите од сите средини на општеството да ги изнесат своите иновативни идеи и разбирање на европските перспективи и вредности.

Македонско друштво ”Илинден”-Тирана е член на Националниот младински конгрес од Албанија од 2015 година и еден од подносителите на апликацијата „Тирана – европска младинска престолнина за 2022 година„ со што рамноправно се смета за еден до иницијаторите за Тирана да стане домаќин и носител на оваа европска титула. На официјалната веб-страница „Тирана – европска младинска престолнина – 2022 година„ покрај другите организации-партнери се наоѓа и логото на македонското друштво ”Илинден”-Тирана со кратка информација за друштвото. Титулата „Европска младинска престолнина“ ( анг. European Youth Capital) е проект започнат од 2009 година на предлог-иницијатива од Европскиот младински форум (European Youth Forum) меѓународна невладина организација со седиште во Брисел.

## СЕЌАВАЊЕ: СЕДУМ ГОДИНИ ОД СМРТТА НА НАЗИФ ДОКЛЕ 1945-2014



Назиф Докле е роден на 15 јануари 1945 година во село Борје, областа Гора, Албанија. Назиф Докле е Македонец, интелектуалец од областа Гора, борец за правата на Македонците во Албанија. Завршил ликовна уметност во Тирана, отсек склуптура, потоа завршува Висока педагошка школа во Скадар, специјалност албански јазик и литература.

Назиф Докле долги години работел како учител, главен инспектор за образование во округот на Кукс и директор на музејот во Кукс, а се занимавал и со сценографија и бил режисер на повеќе документарни филмови. Бил член на Друштвото на писателите и уметниците на Албанија од 1975 година. Назиф Докле е собирач на фолклорот и уметник со македонско потекло од областа Гора, беше основач и прв претседател на етно-културното друштво “Гора” во 1991 година. Истражувачката активност на Назиф Докле вклучува повеќе материјали од областа на историјата, лингвистиката и етнографијата. Објавил над 35 книги, 130 текстови во весници, како и научни и културни списанија во Албанија и други држави. Најпознати негови трудови се речникот “горански-албански” со над 43.000 зборови, “За Гора и Гораните”, “Муке Миле”, “Севни бре ашик, севни бре душо”, “Горански народни песни”, “Богомилизмот и етногенезата на торбешите од Гора во Кукс” и други. Назиф Докле е автор на повеќе уметнички изложби. Бил организатор на повеќе фестивали во Кукс каде е претставен богатиот фолклор на областа Гора. Назиф Докле почина на 30 декември 2014 година.

## ВО ЧЕСТ НА МАКЕДОНКАТА ЗАГОРКА ШУКЕ (Р. КАНЕФЧЕ) (14 ЈУЛИ 1914, ОХРИД – 17 ЈАНУАРИ 2000, ПОГРАДЕЦ)



Дниве се навршуваат 22 години од смртта на една од најпознатите актерки од Поградец, Загорка Шуке, родена Канефче. Македонката Загорка Шуке (р. Канефче) е родена во македонскиот бисер Охрид, на 14 јули 1914 година. На нејзини 14 години, заедно со семејството, Загорка го напуштила Охрид и се преселила во градот Поградец.

Претходно, нејзиниот татко како професионален рибар заминал за Поградец во 1926 година со цел да подучува младинци на рибарскиот занает и да заработува за своето семејство. После преселбата во Поградец, Загорка била забележана од учителскиот кадар како талентирана девојка во областа на уметноста. Поради тоа, после завршувањето на основното училиште се запишала во Женското училиште во Тирана. После неговото завршување, таа повторно се вратила во Поградец каде продолжила со негување на својот културен развој. Важно е да се каже дека Загорка била првата жена што учествувала во Аматерскиот театар на градот играјќи многу улоги со Пиро Ҵечи, Панди Анѓели, Паско Жико, Копи Амбон итн. Нејзината уметност била забележувана од бројни актери и други учесници во театрите. Во 1962 година, после создавањето на професионалната естрада, таа станала професионална актерка, а така било додека не се пензионирала. Загорка има учествувано и во албански филмови, како што се филмот „Капедани“ каде ја одихрала улогата на сопруга на чичко Суло. Бројни се нејзините улоги кои ги памети публикатам како оние во филмовите „Утринска војна“, „Патишта што го бараа сонцето“, „Дамите од градот“, „Првиот ден на закажување“ и други. Загорка Шуке од страна на Општинскиот совет на град Поградец била прогласена за „Гордоста на градот“. Починала на 17 јануари 2000 година во градот Поградец.

Никола Ѓурѓај

## ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ ЗА МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“: ФАТРИ ФЕТАХУ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”- ОГРАНОК ГОЛО БРДО



**Македонски весник “Илинден“: Господине Фатри Фетаху, неодамна бевте именуван за претседател на Македонското друштво “Илинден” за огранокот во Голо Брдо. Со оглед на фактот што сега ја претставувате бројната македонска заедница во областа Голо брдо, сметаме за потребно за нашите читатели да кажете збор-два за себе.**

Фатри Фетаху: Јас сум роден во с.Требиште, областа Голо Брдо во Република Албанија. Своето основно образование во оформив, исто така, во родното село, каде што сум со постојано живеалиште. Но, моето средно и високо образование го стекнав во нашата матична земја Република Македонија, како владин стипендист. Член сум на Македонското друштво “Илинден”- Огранок Голо Брдо од 2015 година, од кога активно учествувам во сите настани на македонското национално малцинство во областа Голо Брдо. Од 2019 до сега бев потпретседател на огранок. Во исто време, бев дописник на македонскиот весник “Илинден“ за случувањата во секојдневниот живот во областа Голо Брдо. За мојата ангажираност, во 2016 година, ја имав честа да ми биде доделено многу посакуваното признание „Благодарница “Илинден“.

**Македонски весник “Илинден”: Како ја оценувате положбата на Македонците во областа Голо Брдо?**

Фатри Фетаху: Можам да кажам дека, во послениве години, има мал напредок на состојбите во Голо Брдо, во прв ред поради ангажираноста на населението во соработка со регионалните власти. Но, за да се развие целосно оваа област, исто како и сите други региони во Република Албанија, мора да се прават уште многу работи посебно во делот на инфраструктурата. Имајќи го предвид исклучителниот географски и историски капацитет на областа Голо Брдо, сметам дека населението може да биде успешно во развој на туризмот, со што многу ќе се подобри економската состојба на секое семејство. Секако, решавањето на инфраструктурните проблеми би значело и поголем ангажман на населението во земјоделието, бидејќи полесниот пласман на земјоделските производи низ албанската и македонската држава е приоритет за зголемено ангажирање на населението во земјоделието. Со поинтензивна соработка со сите државни фактори, сметам дека можеме да го постигнемесето ова.

**Македонски весник “Илинден”: Македонското друштво “Илинден”- Тирана и Македонското друштво “Илинден”- Огранок Голо Брдо беа најгласни против новата административно-територијална поделба што се спроведе во 2014 година. Тогаш беа укинати општините во Голо Брдо. Дали од денешна перспектива сеуште мислите дека е грешка што Голо Брдо останаа без самостојни општини?**

Фатри Фетаху: Да сеуште мислам дека тоа е грешка која што за жал ја опфати и нашата област и која во многу насоки негативно влијае врз развојот и просперитетот на областа Голо Брдо. Ако се има предвид дека оваа област опфаќа 22 села, со новата поделба се направи неоправдата грешка што сите тие сега се поделени на административни единици. На тој начин сега, за основни потреби жителите треба да патуваат во различни правци, далеку од своите домови. Тоа создава голем финансиски издаток за сите нас, а нашиот ангажман за враќање на општинската, локална управа во Голо Брдо ќе биде уште поактивен од досега.

**Македонски весникот “Илинден”: Како нов претседател на Македонското друштво “Илинден”- Огранок Голо Брдо, кои се вашите идни планови во однос на заштита на интересите на Македонците во областа Голо Брдо?**

Фатри Фетаху: Потреба од ангажирање и планирање секогаш имало и ќе има. Пред сѐ, мојата работа ќе биде насочена кон исполнување на барањата на жителите од сите 22 села во Голо Брдо. Секако, ќе продолжиме да го оствруваме зацртаниот пат кој го одевме и досега во зачувување на македонската традиција, бидеме активни секаде каде ќе биде побарана нашата помош и ќе излеземе во престрет на жителите во решавање на егзистенцијални и општи проблеми. Како и нашите предци, така и ние во современиве години се грижиме за негување и зачување на нашиот јазик, историја и култура. А за да се реализира тоа, веруваме во помош и од матичната македонска држава.

**Македонски весникот "Илинден": Кога ја спомнавте потребата од помошта од македонската држава, дали до сега има некои поголеми акции од страна на македонските власти во решавање на некои потреби на македонското население во Голо Брдо?**

Фатри Фетаху: Има одредени активности кои ги преземаат македонските власти, а соработуваме и со македонскиот амбасадор во Република Албанија, г-дин Марковски. Ние активно ги следиме случувањата сред Македонците во Преспа и сметаме дека истиот ангажман на македонските институции го заслужува и македонското население во Голо Брдо. Еве, на пример, пред извесно време во Пустец беше делегација од Институтот за македонцки јазик која одржа предавања во чест на Блаже Конески. Кај нас воопшто не се јавија, ниту изразија заинтересираност за македонските жители во областа Голо Брдо. Јас сметам дека и ние го заслужуваме истиот третман од македонските власти како и Македонците од општина Пустец, независно од тоа што албанската држава само таму го признава македонското малцинство како такво. Но, ние со постојан притисок врз албанската влада ќе се обидеме да си го вратиме статусот кој сме го имале од времето на енверизмот кога во Голо Брдо имало и основни и средни училишта на македонски јазик. Сметам дека таквата наша желба и намера треба да ги поддржи и македонската Влада.

**Македонски весникот "Илинден": Вашата порака како преседател на Македонско друштвото "Илинден"- Огранок Голо Брдо до Македонците во областа Голо Брдо?**

Фатри Фетаху: Тоа се жители со достоинство и горди се што се Македонци со векови. Во последно време забележуваме намера на странски држави да се обидуваат да ги одродат од македонскиот корен, нудејќи многу поволности за нивните фамилии.
Мојата порака е да не дозволиме никој да нè понижи сите нас, сите вас и да го згази вашето достоинство. Ние заедно сме поминале и полоши времиња, а сепак сме успеале да опстанеме и да да не си го згазиме коренот од кој потекнуваме, да се избориме и да дочекаме подобри времиња заедно.

**Македонски вестник "Илинден": г-дин Фатри Фетаху, Ви благодарам за интервјуто, Ви посакувам лични и професионални успеси.**

Фатри Фетаху: И јас се заблагодарувам за можноста да им се обратам на овој начин на сите Македонци ширум светот, на сите им посакувам многу успех и здравје!

Македонски весник "Илинден"
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана,
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 183, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква „Света Петка“ село Клење, областа Голо Брдо